КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И
ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-950/1
10.08 2016 год.
СКОПЈЕ

Дата: 10.08.2016 год.

До: Членовите на одделението за урбанистичко планирање при Комората на овластени архитекти и овластени инженери

Почитувани членови на Комората од одделението за урбанистичко планирање,

Ве информираме дека во последниот период имаше неколку измени на Правилникот за начинот на издавање, обновување и одземање на лиценците и овластувањата.

Во Службен Весник бр.107/2016 од 06.06.2016 година, беше направена измена со што овластувањето за ревизија на урбанистички планови се печатат на образец од А-4 формат на специјална хартија со **црвена боја**, а овластувањето за изработување на урбанистички планови на А-4 формат на специјална хартија со **портокалова боја.**

Комората на оваа измена интервенираше во Министерството за транспорт и врски на РМ со што во Службен Весник бр.142/2016 од 01.08.2016 година, направена е нова измена и вратени се старите светло жолти бои за овластувањата за изработка и ревизија на урбанистичките планови.

Ги замолуваме сите членови кои имаат добиено овластување за изработка на урбанистички планови во портокалова боја, односно во црвена боја за ревизија на урбанистички планови, да се јават во Комората, каде без надоместок истите ќе им бидат заменети со овластувања со светло жолта боја согласно последната промена на Правилникот за начинот на издавање, обновување и одземање на лиценците и овластувањата од 01.08.2016 год.

Со почит,

Претседател на Комората
М-р Блашко Димитров, дипл.град.инж.

Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

ул. Даме Груев 14а
389 2 322235
contact@komoraoai.mk
www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје
# 250 001 002 332 248
# ЕДМБ 4030006621733